


Мицкоски: Потребни се предвремени парламентарни избори за да се стави крај на криминалот, корупцијата, високата инфлација и лошите услови во образованието и здравството

Христијан Мицкоски, претседател на ВМРО-ДПМНЕ, при денешната негова посета во Зелениково укажа дека се потребни што побрзо предвремени парламентарни избори во држава  затоа што секое друго решение ќе значи продолжување на агонијата, повеќе криминал и корупција, послабо здравство, поголема катастрофа во образованието, послаба економија, повисока инфлација од страна владејачката коалиција.

-Па затоа што секое друго решение значи продолжување на агонијата, затоа што секое друго решение значи дека немаме план, затоа што секое друго решение значи повеќе криминал, повеќе корупција, послабо здравство, поголема катастрофа во образованието, послаба економија, повисока инфлација и затоа ние велиме потребни се предвремени избори за да престане Македонија и граѓаните да губат, за да може Македонија и граѓаните да почнат да добиваат. И затоа велиме ајде на брзи предвремени парламентарни избори да ја спасиме од агонија нашата Македонија. Тоа е

суштината, затоа бараме предвремени парламентарни избори, не постои ниту една друга причина оваа влада, оваа коалиција да остане бидејќи гледаме дека сме најлоши во Европа. Најлоши сме во Европа имајќи предвид дека сме најлоши, јас само можам да кажам дека ако тие продолжат и понатаму  го поминат секој ден повеќе во просториите каде што се наоѓаат толку полошо ќе биде и за граѓаните и за цела држава, рече Мицкоски.